Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 62-рата седница одржана на 15.02.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-2244/1 од 22.06.2021 година, со наводи за незаконско одлучување и корупција при спроведување на судски постапки и постапки пред јавно обвинителство, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Судскиот совет на Република Северна Македонија и Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-2244/1 од 22.06.2021 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 22.06.2021 година, поднесена е пријава со наводи за незаконско одлучување и корупција при спроведување на судски постапки и постапки пред јавно обвинителство и оформен е предмет број 12-2244/1 од 22.06.2021 година.

Во пријавата подносителот наведува дека во судска постапка пред /// суд /// со број /// бил приложен фалсификуван документ – Договор за /// (ов.бр.///) кој во постапката бил земен предвид како валиден. Подносителот појаснува дека до Основното јавно обвинителство /// поднел Кривична пријава за фалсификување на исправа со невистинита содржина, и наведува дека /// суд /// и /// суд /// потврдиле непостоење на фалсификуваниот документ, а воедно, од страна на злоупотребено лице била дадена Изјава на нотар. Сепак, и покрај тоа, како што е наведено во пријавата, обвинителот /// од Основното јавно обвинителство /// донел Решение со кое кривичната пријава се отфрла. За поднесената жалба против ваквото решение од страна на обвинителот /// од Основното јавно обвинителство /// било донесено Решение за одбивање.

Воедно, од страна на подносителот во пријавата се изнесени сомнежи за корупција во судска постапка во која не бил признаен приложен документ за ///. Имено, по поднесено тужбено барање за утврдување на ништовност на договор за /// до /// суд ///, од страна на судот била донесена Пресуда со број /// од /// година со која истото било одбиено како неосновано.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган, по што оцени дека предметот ќе го достави на надлежно постапување на Судскиот совет на Република Северна Македонија и Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: А.Р.М.
Одобрил: Б.И.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**